| Назив на движната ствар | Модел | Произво-дител | Едини-ца мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Лапароскоп-ска и ен-доскопска опрема | TC201 | Карл Шторц | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од членот 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“- Битола.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Клиничка болница „Д-р Трифун Пановски“- Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од членот 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4301/5
2 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски**, с.р.

__________

**1771.**

Врз основа на член 23 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2026 ГОДИНА, НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ**

Член 1

Со оваа одлука се врши распределба на 17.916.560,00 (седумнаесет милиони деветстотини и шеснаесет илјади пет стотини и шеесет) денари, утврдени во Раздел 04010 - Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 11 - Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463 - Трансфери до невладини организации коишто се наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации, и тоа:

| Ред.бр. | Арх. бр. | Здруже-ние/фонда-ција | Проект | Одобрени средства (во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 14-10/62 | Здружението за развој на општеството-социјални иновации „ВАКЕ УП“ Скопје | Приближување на вредностите и принципите на европската унија до граѓаните | 500.000,00 |
| 2. | 14-10/87 | Здружението НЕФРОН – Скопје | Подобрување на пристапот и социјални права на дијализните пациенти од заедницата и развој на културата на дарување на органи и трансплантација | 490.000,00 |
| 3, | 14-10/8 | Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром Дневен центар „Доза Среќа“ – Скопје | Сите заедно за социјална кохезија и инклузивно општество | 500.000,00 |
| 4 | 14-10/46 | ИНСТИТУТ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО Скопје | “Мозаик на вредности - градење на доверба изработка за подобра иднина“ | 491.000,00 |
| 5 | 14-10/20 | Здружение Ромски деловен информативен центар во Македонија – Скопје | Чекор по чекор до полноправно членство | 500.000,00 |
| 6 | 14-10/81 | Здружението за асистивна технологија „Отворете ги прозорците“ – Скопје | Заедно кон инклузија-градиме мостови, а не ѕидови | 500.000,00 |
| 7 | 14-10/14 | "Заедница на Срби во Македонија" | 110 години од Кајмакчалан | 500.000,00 |
| 8 | 14-10/13 | Здружение на лица со попреченост ЗЕТА Скопје | Право како поддршка | 500.000,00 |
| 9 | 14-10/28 | ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ-ЦИКП Скопје | Школа за креирање политики за градење на мултикултурно општество со цел успешно спроведување на програмите на ЕУ и на Советот на Европа | 494.201,00 |
| 10 | 14-10/15 | Српски културен центар | Лазарица - Врбица | 500.000,00 |
| 11 | 14-10/60 | Здружение за промоција на | Збор по збор - мини колекција на | 480.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | влашката култура ТИХЕ ТИХЕОН Скопје | детски сликовници на влашки јазик со аудио поддршка | |
| 12 | 14-10/119 | Здружение на млади „Псалтер“ | Универзални вредности низ уметноста | 500.000,00 |
| 13 | 14-10/48 | Рурална Коалиција, Кичево | Мостови на доверба: Локален дијалог и социјална кохезија | 499.050,00 |
| 14 | 14-10/11 | Институт за демократија и развој – Пулсот на демократијата Куманово | Дигитална иднина за младите од Куманово | 500.000,00 |
| 15 | 14-10/18 | Зур Македонски ракотворби, Битола | Карван на ракотворството и различностите | 500.000,00 |
| 16 | 14-10/86 | Здружение ХОПС – Опции за здрав живот, Скопје | Инклузивни патеки: Социјална кохезија преку економски вештини за маргинализирани заедници | 499.778,00 |
| 17 | 14-10/85 | „Српска заедница во Македонија" | Прозбори да видам кој си | 500.000,00 |
| 18 | 14-10/21 | „Здружение за поддршка на семејства поединци и групи - Среќен живот" | Мостови на соработка и толеранција | 497.000,00 |
| 19 | 14-10/120 | Фондација ЕЛЕУСА, Струмица | Гласот на руралната жена-трибини за ранливост и инклузија | 500.000,00 |
| 20 | 14-10/67 | Куд Српски Вез - Куманово | Културен мозаик: промоција на богатството на различностите преку традиција и обичаи | 500.000,00 |
| 21 | 14-10/43 | ЗПХ ИНТЕГРА НАУ Скопје | Летен камп со влашкиот јазик и култура | 500.000,00 |
| 22 | 14-10/88 | Организација Младинска Алијанса Тетово | Мултиетничка ликовна колонија Шара 2026 | 500.000,00 |
| 23 | 14-10/34 | Граѓански сектор РКЕЦ „Тернипе МК” Делчево | Гласови на заедницата | 500.000,00 |
| 24 | 14-10/5 | Здружението за социјални иновации ВР ЛАБ Битола | Лабараторија за женско претприемништво во Битола„ИСКРА“ модел за локален економски развој и социјално влијание | 500.000,00 |
| 25 | 14-10/74 | Здружение Совет на родителите на деца и лица со церебрална парализа - ЗЛАТНИ АНГЕЛИ Скопје | Еднакви можности за сите-развој на Центар за рехабилитација | 500.000,00 |
| 26 | 14-10/89 | „Здружение Спортско движење" | Медиумска платформа за социјална кохезија и меѓуетничка кохезија - спорт за сите | 500.000,00 |
| 27 | 14-10/58 | Здружение Центар за Рурален Развој Бујрум с.Проевце, Куманово | Рамковниот договор како двигател на можности | 500.000,00 |
| 28 | 14-10/57 | Здружение за еднакви можности и меѓуетничка соработка АЛ-МА, Скопје | Обединети во различностите | 500.000,00 |
| 29 | 14-10/117 | Здружение РЕСЕТ ХАБ Дебар | „Зајакнување на довербата и соработката меѓу заедниците | 480.000,00 |
| 30 | 14-10/50 | Здружение „Илирија“ Куманово | Заедно - за доброто на сите | 496.000,00 |
| 31 | 14-10/61 | Здружение Медиско-информативен центар Срби.мк Куманово | Мостови на јазикот и културата | 500.000,00 |
| 32 | 14-10/2 | МЛАДИНСКИ ФОРУМ ЗА СОРАБОТКА Скопје | „Корупција на удар“ - како да се победи анти-демократијата | 495.000,00 |
| 33 | 14-10/55 | Студентско археолошко здружение "Аксиос" – Скопје | Стандард - Стандарди за развој на достапни услуги | 500.000,00 |
| 34 | 14-10/94 | Здружение на алумни студенти дипломирани студенти на сту- | Создаваме добри граѓани и трајни и одржливи заедници | 494.995,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дии на Универзитетите во Шпанија - Еспањол студент-Штип | | |
| 35 | 14-10/39 | МАКЕДОНСКА МЛАДИНСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје - ММА | Звукот на традицијата | 500.000,00 |
| 36 | 14-10/32 | „Младинска културна асоцијација на Бошњаците - Шадрван" | По патеката на Лилјаните | 499.536,00 |

Член 2

Одобрените средства да се исплатат врз основа на склучени договори за доделување финансиски средства по одобрен проект.

Одобрените средства да се користат исклучиво наменски, за проектни активности предвидени во одобрените проекти.

Член 3

За извршување на оваа одлука се грижи Министерството за односи меѓу заедниците.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4561/9
2 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**1772.**

Врз основа на член 47 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19, 122/21 и 193/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 јуни 2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНА СТВАР**

Член 1

Да се изврши продажба на движна ствар – патничко моторно возило, за старо железо, сопственост на Република Северна Македонија, чиј корисник е Државниот архив на Република Северна Македонија и тоа:

- марка: Рено;
- тип: Лагуна;
- регистарска ознака: SK 0615 AC;
- година на производство: 1999;
- број на шасија: VF1B56J0519609622;
- сила на мотор: 72 kW;
- работна зафатнина на моторот: 1870 cm3;
- број на мотор: C055326 и
- боја на каросеријата: мет. кафена/8Д.

Член 2

Продажбата на движната ствар од член 1 од оваа одлука, ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање, со кој управува и оперира Министерството за финансии – Управата за имотно-правни работи, со проценета вредност од 12.00 денари по килограм, без ДДВ, утврдена согласно Проценката од Министерството за правда - Биро за процена бр. CB/EL V-41/25-7 од 17.12.2025 година, во која е проценета вредноста на движната ствар во износ од 14.148,00 денари, без ДДВ.

Почетна цена на електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 14.148,00 денари, без ДДВ.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница:www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4652/4
2 јуни 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**1773.**

Врз основа на член 100, член 101 и член 102 став (2) точка 1 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/12, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 263/23, 30/24, 74/24, 170/24 и 31/26), и член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 96/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 јуни 2026 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ЈЗУ ЗДРАВСТВЕН ДОМ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ДЕЛЧЕВО**

1. Од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ -Делчево, се разрешува Дарко Гоцевски, на негово барање.